<table>
<tr><th colspan="6">Предметна програма од втор циклус студии</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">Бизнис економија</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">ЛБ101/2023</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Логистика на бизнисот</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Економски институт, Скопје,<br>УКИМ</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет циклус)</td><td colspan="4">Втор циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>2023/2024</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС</td><td>10</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">проф. д-р Марија Таковска<br>проф. д-р Неда Петроска Ангеловска</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">Завршен прв циклус студии (180 кредити)</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):<br>Генерички компетенции:Целта на оваа наставна програма е студентите да се запознаат со сите релевантни аспекти од бизнис економските процеси, нивното значење и нивната меѓусебна поврзаност, односно со комплексната материја на бизнис економијата. Имено, студентите стекнуваат знаења за условите во кои функционираат деловните субјекти, претпоставките кои треба да бидат исполнети заради реализација на бизнис активностите, трошоците и видовите трошоци кои притоа се јавуваат и резултатите од нивното работење. Покрај овие знаења, студентите стекнуваат компетенции за утврдување и управување со трошоците заради остварување на подобри деловни резултати, пресметување на цените на учиноците и на показателите на успешноста на работењето на претпријатијата. Исто така, предметната материја може да се однесува и на применетае микроекономска и макроекономска анализа релевантна за работењето на деловните субјекти.<br>Специфични компетенции:<br>1. Озознавање на на обемниот фонд на теоретско, методолошко и апликативно знаење од областа на бизнис економијата<br>2. Стекнување на напредни сознанија за сите значајни категории од бизнис економијата: понудата и побарувачката и пазарната рамнотежа, видовите и структурата на пазарите, регулаторната функција на државата, понатаму за претпријатијата, претприемништвото, приходите, трошоците и профитот и разбирање на базичните бизнис активности<br>3. Оспособување на студентите за самостојно решавање на фундаменталните прашања поврзани со раст и развој на бизнисот<br>4. Да се оспособат студентите да донесуваат стратешки одлуки за бизнисот.</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="5">Содржина на предметната програма:<br>1. Појмовно определување на бизнис економијата<br>2. Бизнис опкружување<br>3. Понуда, побарувачка и пазарна рамнотежа<br>4. Видови пазари и нивна структура<br>5. Регулаторната функција на државата во современите економски системи<br>6. Претпријатијата како делевни субјекти на пазарната економија<br>7. Средства и извори на средства<br>8. Трошоци и калкулации<br>9. Показатели за успешност на работењето на претпријатијата и деловни резултати<br>10. Деловни цели и стратегии за раст и развој на претпријатијата</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="5">Методи на учење:<br>Наставата се изведува во облик на предавања со дискусии, со интерактивни методи кои вклучуваат самостојни задачи на студентите, презентации и друго.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td colspan="2">Вкупен расположлив фонд на време</td><td colspan="3">15 недели<br>10 ЕКТС х 30 часови = 300 часови<br>Неделен фонд на часови (2+2)</td></tr>
<tr><td>14.</td><td colspan="2">Распределба на расположливо време</td><td colspan="3">12 недели + 3 недели консултации<br>30+30+240=300 часови</td></tr>
<tr><td>15.</td><td>Форми на наставните активности</td><td>15.1.</td><td colspan="2">Предавања-теоретска настава</td><td>30 Часови</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 15.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 30 часови |
| **16.** | **Други форми на активности** | **16.1.** | Семинарска работа | 60 часови |
| | | **16.2.** | Самостојни задачи | 80 часови |
| | | **16.3.** | Домашно учење | 100 часови |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1.** | Тестови | | 60 бодови |
| | **17.2.** | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | | 30 бодови |
| | **17.3.** | Активност и учество | | 10 бодови |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови/оценка)** | до 61 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 61 до 68 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | од 93 до100 бода | 10 (десет) (A) | |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | *Редовност на настава и вежби, проектна задача* | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | *Македонски јазик* | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | *Механизми на интерна евалуација* | | |
| **22.** | **ЛИТЕРАТУРА** | | | |

**22.1.** Задолжителна литература

| Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Таковска Марија<br>Неда Петроска Ангеловска | Бизнис економија | (во фаза на издавање) | 2022 |
| 2. | Грегори Менкју | Принципи на економијата | НАМПРЕС, Скопје | 2009 |
| 3. | Nellis Joseph, Parker David | Principles of Business Economics (2 Edition) | Pearson | 2006 |

**22.2.** Дополнителна литература

| Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мартин Рикетс | Економија на деловно претпријатие | Edward Elgar Publishing Limited | 2002 |
| 2. | Wall Stuart, Grifiths Alan | Economics for Business and Management (2nd Edition) | Pearson | 2008 |
| 3. | Worthington Ian, Britton Chris | Economics for Business (2nd Edition) | Pearson | 2004 |